РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1023/5
17-11-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница одржана на ден 12.11.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-1023/1 од 11.03.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за пречекорување на службените овластувања на лицето ----------------------, поранешен министер за -----------------, во врска со постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во --------------------------------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што не се потврдуваат наводите во пријавата.

Предметот со број 12-1023/1 од 11.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Во ДКСК е оформен предмет по пријава со број 12-1023/1 од 11.03.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за пречекорување на службените овластувања на лицето ------------------------------, поранешен министер ---------------------, во врска со постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во ------------------------------------------------------------------------------------.

Имено, кон пријавата доставена до ДКСК е проследен линк од објава во медиумите, во кои се содржани наводи за сомневање дека поранешниот министер ---------------------------, ---------------------- лобирал во смисла на избор на компанијата „-----------------------“ од ---------------, со која ќе склучи договор за јавно приватно партнерство во траење од 20 години, за паркингот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на ----------------------------------------------------------. Наведената компанија била понудувач во предметната постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во -----------------------------------------------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК се обрати со барање за доставување на информации до Министерството --------------------------, за достава на информација и документација за конкретниот случај. На ден 17.06.2025 година, ---- достави информација со прилог документација до ДКСК.

По разгледување на прибавената документација ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

По спроведена постапка за јавна набавка за услуги –Преработка на физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на монтажни катни гаражи во -------------------------, објавена со оглас бр.-------/----- на 07.11.2023 година, избраниот најповолен понудувач извршил преработка на физибилити студијата со нови податоци и економска финансиска анализа и истата била испратено до Владата на РСМ со Информација во врска со потребата за одобрување на Физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на монтажни катни гаражи во ------------------------------------------------ и донесување Одлука за започнување на постапка за јавно приватно партнерство со бр. ------------ од 16.01.2024 година. По истата биле добиени мислења од Министерството за финансии од 22.02.2024 година и од Министерство за економија од 16.01.2024 година.
На 221-та седница одржана на 26.01.2024 година, Владата на РСМ донела Заклучок со бр.----------, со кој била усвоена Информацијата во врска со потребата за одобрување на Физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во ------------------------------------------------------- и донела Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување горенаведеното јавно приватно партнерство.
Согласно Службената белешка бр.------------ од 13.06.2024 година од Генерален секретар на Владата на РСМ, горенаведената Одлука не била реализирана.
На 3-та седница одржана на 05.07.2024 година, Владата на РСМ донела Заклучок за усвојување на физибилити студија со бр.------------- и донела Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во -----------------------------------------, со бр.------------ од 05.07.2024 година.
На ден 30.07.2024 година, согласно член 5 од Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на предметното јавно приватно партнерство, ---достави Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за

доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во ----------------------------------------------- со предлог-решение со арх.бр.------------------.
Информацијата за формирање на комисија, е усвоена од страна на Владата на РСМ на седница одржана на 20.08.2024 година, по добиени мислења од Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.
По донесување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство(ЈПП), комисијата изготвила Тендерска документација и објавила Оглас со бр.------------- со арх.бр.--------------- на 15.11.2024 во ЕСЈН.
До крајниот рок за поднесување на понуди, примена била само една понуда, за што е изготвен Записник од отворање на понуди со бр.------------ од 16.12.2024 година. Комисијата пристапила кон евалуација на истата и по евалуација на техничкиот дел на понудата, на 10.02.2025 година спроведена е Е-аукција на системот на е-аукции на Министерството за економија и од истото е изготвен Извештај.
Комисијата изготвила Извештај од спроведената постапка со бр.-------------- 25.02.2025 година и истиот со Информација со Предлог-одлука за избор на најповолна понуда за доделување на Договор за воспоставување на ЈПП за изградба на катни монтажни гаражи во ----------------------------------------------, со бр.------------- и на 25.02.2025 година го доставила до Владата на РСМ. За оваа информација биле издадени мислења од Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.
------- било известено од страна на Генералниот колегиум на државни секретари при Владата на РСМ, дека на нивната 35-та седница одржана на 21.05.2025 година, горенаведената Информација со предлог-одлука за избор на најповолна одлука на -------------------------------- не е разгледана.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК констатира дека постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во ------------------------------------------------- не е спроведена. Воедно, врз основа на јавно достапни информации, министерот --------------------------------, кој ја започнал споменатата постапка, не е веќе министер, ДКСК констатира дека горенаведената постапка не е завршена и не е доделен договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на катни монтажни гаражи во ------------------------------------------------------------.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите од пријавата, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk